# CUBISM WITH ITS AESTHETIC PARADIGMS AS AN AVANT-GARDE CULTURAL-ARTISTIC MOVEMENT AND AN ART PRINCIPLE FOR CREATING ANALOGUE FASHION SOLUTIONS

**Marija Kertakova**
University Goce Delcev, Stip, North Macedonia, marija.kertakova@ugd.edu.mk
**Jordan Efremov**
University Goce Delcev, Stip, North Macedonia

**Abstract:** Design in applied art is a process of creating and developing a plan for an aesthetic and functional object, which requires appropriate research, thinking, modeling, adaptation and creation. Aesthetics today appears in various forms of art. Therefore, when we talk about something that creates an aesthetic experience, we are usually talking about some form of art. The focus of aesthetics is not limited but directed towards aesthetic ideas, ideals and sublime appearance. Cubism as an artistic movement is a new way of representing the world. We could associate the beauty of Cubism with the unconventional value, because its aesthetic paradigms penetrate the elements that surround our environment. The works are deformed, illogical, irrational, broken down into small details. Still life and portraiture are like a set of geometric shapes that interact with each other. This direction with aesthetic paradigms turns into a special form of the avant-garde, where sharp angles, straight lines and neutral colors play a dominant role. Artistic pictures - still life, portrait – do not have to look real, they are like a puzzle that the viewer has to mentally put together, while the consumer has to feel fashion and always need change, because it itself changes daily in direction of something new and different. The very idea of designing analog fashion solutions on the theme of "Cubism" is derived from the feeling and perception that Cubism is an artistic movement, which finds the most ordinary spatial patterns and configurations of things, phenomena that represent all the complexity and diversity of life. At its core, Cubism perceives the world through geometric forms. It can be seen that the works are dominated by the concept of geometric simplification of the forms of the human body. All these aspects combine into a simple and unique form or symbol, but each of them provides a key to interpretation, each offering a distinct "reading" of the image. A person's abilities and imaginations are sometimes simply amazing, because they develop and express their creativity in different ways. From such a concept came the cubist style, a style of something extraordinary and interesting. Cubism as a cultural artistic movement, with its artistic principles, shows free forms, bizarre construction of figures and objects, as if light currents passed through the objects and tried to show the object from different angles. Thanks to the created creations on the theme of cubism, the world is introduced to the style of flat forms without perspective with completely new and unusual colors, which communicate with each other. This artistic movement, possessing all these aesthetic paradigms and artistic principles, still manages to influence the creation of absolutely unconventional analog fashion solutions today.
**Keywords:** cubism, art, avant-garde, unconventional, art principle, fashion design.

# КУБИЗМОТ СО СВОИТЕ ЕСТЕТСКИ ПАРАДИГМИ КАКО АВАНГАРДНО КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКО ДВИЖЕЊЕ И ЛИКОВЕН ПРИНЦИП ЗА СОЗДАВАЊЕ НА АНАЛОГНИ МОДНИ РЕШЕНИЈА

**Марија Кертакова**
Универзитет Гоце Делчев, Штип, Северна Македонија, marija.kertakova@ugd.edu.mk
**Јордан Ефремов**
Универзитет Гоце Делчев, Штип, Северна Македонија

**Апстракт:** Дизајнот во применетата уметност претставува процес на создавање и развивање на план за естетски и функционален предмет, за што е потребно соодветно истражување, размислување, моделирање, прилагодување и креирање. Естетиката денес се појавува во разни форми на уметноста. Затоа кога зборуваме за нешто што создава естетско искуство, ние обично зборуваме за некоја форма на уметност. Фокусот на естетиката не е ограничен туку се насочува кон естетски идеи, идеали и возвишен изглед. Кубизмот како уметничко движење е нов начин на претставување на светот. Убавината на кубизмот би можеле да ја поврземе со неконвенционалната вредност, затоа што нејзините естетските парадигми навлегуваат во елементите што ја опкружуваат нашата околина. Делата се деформирани, нелогични, ирационални, расчленети на ситни детали. Мртвата природа и портретот се како збир од геометриски форми

кои комуницираат едни со други. Овој правец со естетските парадигми се претвора во посебна форма на авангардата, каде остри агли, прави линии и неутрални бои играат доминантна улога. Уметничките слики – мртвата природа, портретот – не мора да изгледаат реално, тие се како загатка што гледачот треба психички да ја состави, додека пак, конзумерот треба да ја чувствува модата и секогаш да има потреба од промена, зошто таа самата секојдневно се менува во правец на нешто ново и различно. Самата идеја за дизајн на аналогни модни решенија на тема „кубизам" е произлезена од чувството и перцепцијата дека кубизмот е уметничко движење, кое пронаоѓа најобични просторни модели и конфигурации на нештата, феномени што ја претставуваат целата сложеност и разновидност на животот. Во својата основа, кубизмот го перцепира светот преку геометриски форми. Може да се види дека во делата доминира концептот на геометриско поедноставување на формите на човечкото тело. Сите овие аспекти се комбинираат во едноставна и единствена форма или симбол, но секој од нив дава клуч за толкувањето, секој нуди посебно „читање" на сликата. Способностите и фантазиите на една личност понекогаш се едноставно неверојатни, бидејќи се развиваат и ја изразуваат својата креативност на различни начини. Од таков концепт е произлезен кубистичкиот стил, стил на нешто извонредно и интересно. Кубизмот како културно уметничко движење, со своите ликовни принципи, прикажува слободни форми, бизарна конструкција на фигури и предмети, како да минувале светлосни струи низ предметите и се обидувале да го прикажат предметот од различни агли. Благодарение на создадените креации на тема кубизам, светот се запознава со стилот на рамни форми без перспектива со сосема нови и необични бои, кои комуницираат едни со други. Ова уметничко движење, поседувајќи ги сите овие естетски парадигми и уметнички принципи и денес сеуште успева да влијае во создавањето на апсолутно неконвенционални аналогни модни решенија.

**Клучни зборови**: кубизам, уметност,авангарда, неконвенционално, ликовен принцип, моден дизајн.

## 1. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА КУБИЗМОТ

Потрагата по нова форма за прикажување на чувства и емоции овозможува да се најде нов начин и метод во сликарството и создава нов поглед на креативноста преку уметничкиот правец кубизам. Кубизмот како уметнички стил покрај тоа што има одлучувачко влијание врз ликовната уметност, силно влијае и на развојот на дизајнот, во контекст на истражувањето – на модниот дизајн. Произлезен е во 1907 година во Франција од тезата дека сè што постои во природата може да биде претставено со основните геометриски форми (коцка, квадрат, топка, пирамида и сл). Според тоа реорганизацијата на просторот и формата значи напуштање на перспективата и идејата за набљудување на предметите од еден фиксен агол и воведување на повеќе точки за поглед на објектот. Искривување на формата и двосмислените просторни односи во уметничките слики, целосно збунувајќи ги очекувањата на набљудувачот се неколку од крактеристичните обележја на кубизмот. Кубизмот го добива своето име од критичарите на ликовната уметност, со потсмев нарекувајќи ја сликата на Жорж Брак „Дамата со мандолина" – „Кубус". Името доаѓа од зборот "Cubus" што значи коцка. Според тоа за рани основоположници на кубизмот се сметаат Жорж Брак (1882-1963) и Пабло Пикасо (1881-1973), кој го слика познатото протокубистичко дело наречено „Госпоѓиците од Авињон". Кубизмот е сложен феномен и не вклучува само нов стил на уметничко изразување, туку како што е изразено од еден од неговите водечки претставници Хуан Грис, „Кубизмот е сосема нов начин на претставување на светот воопшто". Кубизмот како уметничко движење, независно од општествените околности како во минатото, така и денес се забележува сеуште насекаде околу нас. Трансформациите кои ги наметнува ги прифаќаат сите видови на креативност и со текот на времето се развиваат во клучни карактеристики како: геометричност, поедноставување на фигурите и предметите во геометриски компоненти и рамнини што можат или не можат да се соберат на цела фигура или објект познат во природниот свет, приближување на четвртата димензија, искривување и деформирање на познати фигури и форми во природниот свет, преклопување на рамнините, повеќекратни погледи и различни гледишта направени на една рамнина.

***Првите дела на основоположниците на кубизмот***

***Слика 1. Жорж Брак*** ***Слика 2. Пабло Пикасо***

***„Жена со гитара" (1913)*** ***„Госпоѓиците од Авињон" (1907)***





**2. КУБИЗМОТ ВО МОДНИОТ ДИЗАЈН**

Малку е познато за односот помеѓу кубистичката уметност и модата. Кубизмот во модата за прв пат е прикажан во текот на критичните години од 1908-та до раните 1920-ти. Овој период спојувајќи ја уметноста и модата, покажува колку од најблескавите и најелегантни фустани од дваесеттите години имаат кубистички концепти. Влијанието на кубизмот во модата е во иста мера моќно колку што е донесувањето на нова филозофија на гледање на формите во ликовната уметност. За време на дваесеттите години од минатиот век, модата прави радикална трансформација од целосна, заоблена, статична и претерана обвивка изградена на човечкото тело во мек, динамичен цилиндар кој го открива истото. Овој период дава реален поглед на целосната промена на модната силуета од тридимензионални и фиксирани форми во дводимензионални, придружени со промена на материјалите. Во денешно време кубизмот се користи најчесто од дизајнерите кои имаат одлично познавање на историјата на модниот и уметнички дизајн и кои во кубизмот наоѓаат одличен пример за бегство од денешната реалност. Ова тие го презентираат преку креирање на модни еквиваленти, директно инспирирани од неверојатно импресивните и исклучително авангардни кубистички слики, со тоа создавајќи подеднакво вредни модни-уметнички дела. Брендот на "Viktor & Rolf" во 2016 година креира колекција висока мода за сезоната пролет-лето, прикажана во Париз. Колекцијата е поврзана со шпанскиот кубист Пикасо, бидејќи се надоврзува со кубистичките форми и елементи инспирирани од неговите уметнички дела

***Слика 3. Кубизмот во модата – Овој фустан на Oscar de la Renta Resort 2012 го користи делото „Le Verre" од Пабло Пикасо како инспирација за овој принт (лево)***

***Слика 4. Модел на Moschino инспириран од кубизмот (десно).***





**3. ДИЗАЈН НА АНАЛОГНИ МОДНИ РЕШЕНИЈА ИНСПИРИРАНИ ОД КУБИЗМОТ**

Модниот проект е работен во соработка помеѓу проф. Марија Ќертакова и
проф. Јордан Ефремов и Марија Дамческа со техника специјална хартија-картон и моден фломастер
Кубизмот овозможува гледајќи од различни перспективи да добиваме впечаток за различна форма, посебно кога е во движење. Модата како вид на уметност овозможува највпечатлива форма на движење и овозможува задоволството кај набљудувачот да биде уште поголемо. Уште од 20-тите години на минатиот век, влијателноста на кубизмот во модата претставувала практика, но се уште ова кубистичко движење овозможува повеќеслојни интерпретации кои одговараат на авангардниот современизам. Тргнувајќи од една минимална, чиста форма на кројка која е анализирана и соединета со тридемензионалноста, трансформирана е колекција во која акцентот е ставен на функционалноста и артистичниот израз. Целата колекција содржи основни форми кои произлегуваат од човечкото тело и се трансформирани во геометриски форми кои имаат функционалност и се прилагодени на истото. Формата ја следи функцијата, слободен пресек на волумен и судир на повеќе форми во една. Најголема инспирација за оваа колекција е сликата од Пикасо „Девојка пред огледало“ – која го симболизира преминот од девојка во заводлива жена. Колекцијата содржи 10 целосни модели и аналогни модни додатоци. Носејќи „траги“ од кубизмот, дизајнот на колекцијата се фокусира на создавање систем од едноставни модели, во кои е возможно да бидат забележани различни композиции на кубистички форми и елементи. Моделите демонстрираат стил на „модерен“ кубизам, обемни парчиња, рамни линии, интензивни бои, како и многу комбинации од материјали и бои. Колекцијата нуди различни типови на модели како фустани, панталони, здолништа, сако и кошули. Основна боја на колекцијата е крем бојата, а главниот мотив се геометриските фигури кои се среќаваат како изменети форми формираќи колаж. Слободата во комбинирањето на боите и апликациите ја прават оваа колекција достапна за сите возрасти. Оваа слобода ја има и во изборот на типот на парче облека во која секој се би се чувствувал удобно и уникатно. Како и во сите аспекти на општеството, така и во рамките на модата преку различни уметнички форми, кубизмот предизвикува драма и возвишеност. Во овој случај кубизмот инспирира со ексцентричните и неконвенционални форми, драмата, живописните бои, динамиката и остринатa во линиите и формите. Колекцијата би била одличен трамплин за секоја жена која со својот карактер и став сака да направи особено препознатлив впечаток во општеството. Од оваа причина истата е наменета за исклучително храбри жени, кои сакаат да бидат уникатни, автентични и препознатливи. Истите имаат одлична уметничка позадина, ги владејат модните трендови и најчесто се наметнуваат во својата социјална група. Пораката на колекцијата е дека во време на глобална економска криза, уметноста и модата можат да се претворат во едно прекрасно спасително „оружје” кое ќе им помогне на широките народни маси барем за момент да избегаат од реалноста и да се претопат во еден интересен имагинарен свет.
Забелешка: Прилозите по оваа точка се веднаш после прилогот на модни додатоци.

**4. ДИЗАЈН НА МОДНИ ДОДАТОЦИ ИНСПИРИРАНИ ОД КУБИЗМОТ**

Во модниот дизајн позната е практиката на воведување на модни елементи кои ја надополнуваат облеката и имаат за цел да ѝ придадат завршеност, целосна визија и комплетиран естетски израз. Во случајов се приложени аксесоари на женски чанти инспирирани од кубизмот и неговите формативни естетски парадигми. Ова се дизајни на аксесоари за луѓе со специфичен и артистичен вкус, изобилуваат со несекојдневна динамичност, токму поради имплементираните елементи во стил кубизам.

***Слика 5. „Девојка пред огледало“, Пабло Пикасо 1932 година (1 слика)***
***Слика 6. Целна група на колекцијата (2 слика)***
***Слика 7. Преклопени квадрати, правоаголници и триаголници во портокалова, сина и црна боја со жолта или зелена боја. Познати варијации на бои. Уметничко дело во стил кубизам од 1929 год. (3 слика)***
***Слика 8. Скици на модни додатоци наменети за колекцијата (4 слика)***






***Слика 9. Дизајни на чанти инспирирани од кубизмот***



***Модел 1, Модел 2, Модел 3, Модел 4, Модел 5***



***„Црвената фотелја“-1931 год. од Пабло Пикасо (1 слика); Кубистички повеќебоен портрет од Емануел Сињорино од Бенџамин Бено (2 слика); „Мртва природа со портокалова, жолта и кафеава“-1953 год. (3 слика); Кругови во стил кубизам (4 слика); „Даниел Хенри Канвајлер“-1910 г. од Пабло Пикасо (5 слика)***



***Модел 6, Модел 7, Модел 8, Модел 9, Модел 10***



***„Жена која плаче", Пабло Пикасо-1937 година (1 слика); „Ваза со цвеќиња на маса" од Пабло Пикасо-1969 година (2 слика); „Тете" од Пабло Пикасо-1971 година (3 слика); „Жена која седи" од Пабло Пикасо-1937 година (4 слика); „Голема женска глава S со украсена шапка" од Пабло Пикасо-1962 година (5 слика)***



**5. ЗАКЛУЧОК**

Самата идеја за дизајн на аналогни модни решенија на тема „кубизам" е произлезена од чувството и перцепцијата дека кубизмот претставува уметничко движење, кое пронаоѓа најобични просторни модели и конфигурации на нештата, феномени што ја претставуваат целата сложеност и разновидност на животот. Во својата основа, кубизмот го перцепира светот преку геометриски форми. Може да се види дека во делата доминира концептот на геометриско поедноставување на формите на човечкото тело. Сите овие аспекти се комбинираат во едноставна и единствена форма или симбол, но секој од нив дава клуч за толкувањето, секој нуди посебно „читање" на сликата. Кубизмот како културно уметничко движење, со своите ликовни принципи, прикажува слободни форми, бизарна конструкција на фигури и предмети, како да минувале светлосни струи низ предметите и се обидувале да го прикажат предметот од различни агли. Благодарение на создадените дизајни на тема кубизам, светот се запознава со стилот на рамни форми без перспектива со сосема нови и необични бои, кои комуницираат едни со други. Ова уметничко движење, поседувајќи ги сите овие естетски парадигми и уметнички принципи и денес сеуште успева да влијае во создавањето на апсолутно неконвенционални аналогни модни решенија, од каде произлегува и прикажаната модна колекција. Способностите и фантазиите на една личност понекогаш се едноставно неверојатни, бидејќи се развиваат и ја изразуваат својата креативност на различни начини. Од таков концепт е произлезен кубистичкиот стил, ирационален и несекојдневен, но апсолутно извонреден; ова е стил на една сосема нова и авангардна визуелна перцепција.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Ќертакова, М. (2021). Колекција – учебно помагало. УГД-Штип
Ќертакова, М. (2021). Колекција – практично помагало. УГД-Штип
Ефремов, Ј. (2017). Современа уметност и дизајн – скрипта. УГД-Штип
Ефремов, Ј. (2019). Психологија на облекувањето – скрипта. УГД-Штип
Gantefϋhrer-Trier, A. (2015). Cubism. Tachen.
Richardson, J. (2007). A Life of Picasso: The Cubist Rebel, 1907-1916. Knopf.
Antliff , M., & Leighten, P. (2008). A Cubism Reader Documents and Criticism, 1906-1914. The University of Chicago Press.
Martin , R. (1999). Cubism and Fashion. Yale University Press.
Butler, K. K., & Maurer, R. (2013). Georges Braque and the Cubist Still Life, 1928-1945. Prestel.
Gaensheimer, Susanne and Meyer-Buser ,Susanne. (2022). Georges Braque 1906 - 1914: Inventor of Cubism. Prestel.